# Р Е Ф Е Р А Т

за избор во звањето РЕДОВЕН ПРОФЕСОР по предметот

**социологија на религијата и моралот,**

во

**Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања**

Скопје

Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, на седницата одржана на 2.6.2006 година, формира Рецензентска комисија за избор во наставното звање редовен професор по социологија на религијата и моралот на кандидатката д-р Ружица Цацаноска, по завршената постапка од конкурсот објавен на 8.6.2006 година, во дневниот весник Дневник. Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Стефан Костовски, проф. д-р Мирјана Сланинка-Динева и проф. д-р Виолета Чачева, по прегледот на материјалите за рецензија, на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања му го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Ружица Цацаноска е родена на 4.3.1963 година. Основно и средно образование завршила во Скопје, а на Филозофскиот факултет дипломирала на групата за социологија, во 1987 година.

Постдипломските студии ги завршила на Факултетот за политички науки во Белград, на групата за социологија на културата и културна политика. Магистрирала во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на тема ***Социологијата на религијата на Емил Диркем и Макс Вебер***, во 1993 година.

Докторирала со трудот ***Протестантизмот во Република Македонија,*** во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје, во 2000 година.

Д-р Ружица Цацаноска е вработена во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од 3.12.1987 година, како помлад асистент во социолошкото одделение, а од 1993 година е избрана во соработничкото звање аистент. Од 2000 година избрана е во звањето научен соработник. Во виш научен соработник избрана на 28.10.2003 година.

Со особен научен интерес, д-р Ружица Цацаноска го следи развојот на општата социологија, посебно ангажирајќи се во областа на социологија на културата, односно социологија на религијата и моралот.

Д-р Ружица Цацаноска е ангажирана на постдипломските студии на групата за социологија - по предметот *социологија на религија и социолологија на морал.*

Во Институтот за национална историја – Скопје, д-р Цацаноска е ангажирана како соработник на постдипломските и докторските студии за тематската целина *Религии и култури*.

**Научно-истражувачка работа**

Д-р Ружица Цацаноска била вклучена во изведувањето на повеќе научноистражувачки проекти, од кои ги наведуваме следниве:

- **Религиозноста на населението** - ИСППИ;
- **Историја на културата на Македонија** - макропроект од МАНУ;
- **Социо-економската структура и проблеми на населението на Република Македонија** - ИСППИ;
- **Социјалното раслојување и квалитетот на животот во периодот на транзиција** – ИСППИ;
- **Дистрибуцијата на популацијата и одржливиот развој** - ИСППИ;
- **Социолошката мисла во Македонија** - ИСППИ;
- **Функционирањето на нестопанските јавни служби во Република Македонија** - ИСППИ.
- **Нови аспекти кон детерминирањето на промените на базичната ромска конфесионална матрица** – ИСППИ и Институт отворено општество.
- **Академски етички кодекс** – ИСППИ и Институт отворено општество.
- **Шематизмот на МПЦ** – Институт за национална историја.
- **Семејството во транзиција** – (тековен проект) – ИСППИ
- **Десекуларизација на македонското општество** (тековен проект) - ИСППИ.

**Објавени трудови:**

- ***Социолошки аспекти на појавата на христијанството***, Годишник на ИСППИ, 2001.
- *THE EMERGENCE AND DEVELOPMENT OF PROTESTANTISM IN MACEDONIA* - Religion, State and Society (no. 2, 2001) London.
- **Социолошки аспекти кон проучувањето на малцинските христијански заедници во Македонија,** Годишник на ИСППИ, 2002.
- **Процесот на десекуларизација во македонското општество,** „Нова балканска политика" (академско тримесечно списание за политика), бр. 5, 2002, Скопје.
- Труд за научниот собир „Сиромаштијата, фрагментацијата и можности за социјална интеграција", ИСППИ и фондацијата „Фридрих Еберт", Скопје, 2002, **Верските заедници и сиромаштијата**.
- **Национално-конфесионална дезинтеграција на македонското општество**, Годишник на Факултетот за безбедност, Скопје, 2002.

- **Историско-социолошки приказ на еволуцијата на протестантизмот во Македонија**, Гласник на ИНИ, Скопје, 2003.
- **Можноста за меѓуверски дијалог низ призмата на десекуларизационото структурирање на Македонија**, меѓународна конференција *INTERETHNIC RELATIONS AND RELIGIOUS TOLERANCE*, Тирана, декември, 11-13, 2002.
- **Мањинске хришћанске верске заједнице у Македонији (Интернационална оквирна одредница),** Научен собир *Култура у процесима развоја, регионализације и евроинтеграције*, Филозофски факултет - Универзитет во Ниш, Институт за социологију, СВЕН, Ниш, 2003.
- **Конфесионален идентитет на Ромите –** Духовна и материјална култура на Ромите (Втор конгрес јануари 2004) Скопје.
- **Possibilities for Changes in Roma Confessional Matrix in the Republic of Macedonia** - YSSSR Annual – Year XI; XI Annual International YSSSR Conference *Evangelization, Conversion and Proselytism*, Nis, 2004.
- **Нови аспекти кон детерминирањето на промените на базичната ромска конфесионална матрица** – Истражувајќи ја другоста - *Аспекти на другоста од перспектива на одделни дисциплини во високото образование во Република Македонија*, фондацијата Институт отворено општество – Македонија, Скопје, 2005.
- **The process of the globalization and minority Christian religious communities** – YSSSR Annual – Year XII; XII Annual International YSSSR Conference *Religion and Globalization*, Nis, 2005.
- **Социолошко-историска анализа на унијатството во делото на Славко Димевски –** Советување по повод десетгодишнината од смртта на проф. д-р Славко Димевски, ИСППИ, Скопје, 2004.
- **Општината и одржливиот развој –** Меѓународен научен собир – Отешево, Фридрих Еберт – Канцеларија Скопје, ИСППИ и Економски институт – 2003.
- **Социјалното и добротворно ангажирање на верските заедници во Република Македонија на локално ниво** – во рамки на проектот „Функционирањето на нестопанските јавни служби во Република Македонија" - ИСППИ, Скопје, 2005.
- **Пентекостализмот во Република Македонија** - Годишник на ИСППИ, Скопје 2005.
- **The Protestantism in Macedonia** – YSSSR Annual – Year XIII; XIII Annual International YSSSR Conference *Religion and Globalization*, Nis, 2006.

**Преведувачка активност**

Во рамките на Третата програма на Радио Скопје, реализиран е превод од англиски на македонски на книгата на Роже Мел ***Социологија на протестантизмот***, во обем од 465 страници и дел од книгата на Ернст Трелч **Социјалното учење на христијанските цркви**, делот **Основите на раната црква** во обем од педесетина страници.

**Мислење и оцена**

Анализирајќи го работењето на д-р Ружица Цацаноска на наставното поле, а особено имајќи го предвид нејзиниот научен интерес кон прашањата од општата социологија, како темел на последователното определување за посебните социолошки дисциплини, особено на полето на социологија на религијата односно социологија на моралот и подвлекувајќи го заедништвото на теоретската визија со ригорозниот емпириски прагматизам, Рецензентската комисија со особена чест му предлага на Советот на Институтот за социолошки и политичко-правни иустражувања; да ја избере д-р Ружица Цацаноска во наставното звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР по социологија на религија и морал, како еквивалент на научното звање НАУЧЕН СОВЕТНИК.

Рецензентска комисија

Д-р Стефан Костовски, с. р.

Д-р Мирјана Сланинка-Динева, с. р.

Д-р Виолета Чачева, с. р.